Врз основа на член 18, а во врска со член 104 став 1 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.52/2010 и 135/2011) на седницата на Основачкото собрание на Здружението за интерактивно огласување – ИАБ МАКЕДОНИЈА Скопје Одржана на ден 06.09.2017 година, основачите го донесоа следниов

# СТАТУТ

## на Здружението за интерактивно огласување - ИАБ МАКЕДОНИЈА Скопје

## ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут на здружението на граѓани " Здружение за интерактивно огласување - ИАБ МАКЕДОНИЈА Скопје " се уредуваат:

- името и седиштето ;

- целите и задачите, облиците и начинот на дејствување;

- органите, начинот на нивниот избор и оптоварување и нивниот меѓусебен однос;

- траењето на мандатот на органите и начинот на одлучување на членовите;

- стекнувањето и располагањето со имотот;

- остварувањето на јавност во работата;

- определувањето на условите за основање ограноци (организациони единици);

- условите и начинот на пристапување и исклучување од членство;

- претставувањето и застапувањето во правниот промет и спрема трети лица;

- престанокот со работа;

- постапувањето со имотот на здружението и

- другите прашања утврдени со закон.

## II. НАЗИВ И СЕДИШТЕ

### Член 2

Целосниот назив на здружението гласи: ,, Здружение за интерактивно огласување - ИАБ МАКЕДОНИЈА Скопје",(во понатамошниот текст Здружение).

Здружението користи и скратен назив кој гласи: ИАБ МАКЕДОНИЈА Скопје.

### Член 3

Здружението е правно лице запишано во Судскиот регистар на Здруженија на граѓани и фондации на РМ со седиште на ул. Бриселска бр.10/1-6, 1000 Скопје.

## III. ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И ОБЛИЦИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ

### Член 4

Здружението е невладина, непартиска и непрофитабилна асоцијација посветена на развивањето и унапредувањето на дигиталното огласување во Република Македонија, во согласност со Уставот и законите на РМ.

Здружението посветува особено внимание на развивањето на интерактивниот маркетинг.

Член 5

Задачи на Здружението се:

- Развој на пазарот за дигитално огласување;

- Организација на семинари, подиумски дискусии, трибини, конференции со теми од областа на дигитални медиуми;

- промоција на индустријата и запознавање на јавноста со можностите и користите од огласувањето на Интернет

- дефинирање на стандардите за огласување на Интернет

- дефинирање на стандардите за мерење на потрошувачката за интернет огласување

- зголемување на потрошувачката за огласување на Интернет

- Справување со проблемите кои произлегуваат од индустријата, а ги бараат членовите

## IV. ЧЛЕНСТВО

Член 6

Член на Здружението може да биде секој полнолетен граѓанин на РМ, како и секое правно лице.

Член 7

Зачленувањето во Здружението се врши со потпишување пристапница и плаќање на годишна членарина.

Верификација на членството врши Извршниот одбор на првата наредна седница по плаќање на членарина и потпишување на пристапница.

Член 8

Членот на Здружението е рамноправен и слободен во дејствувањето, во согласност со Уставот, позитивно – правните законски прописи на Република Македонија и Статутот на Здружението.

Здружението ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите на Здружението кои тоа го побарале.

Секој член на Здружението има право и обврска да учествува во работата на Здружението согласно со законот и овој Статут.

Членовите на Здружението се должни редовно да плаќаат членарина.

Членовите на Здружението имаат право да избираат и да бидат избрани во органите на Здружението.

Членовите на Здружението се должни да го почитуваат Статутот и останатите акти на органите на Здружението, како и да го штитат и почитуваат угледот на Здружението.

За својата работа, членовите на Здружението одговараат пред Извршниот одбор и пред Собранието на Здружението.

Здружението води регистар на членови, кој се ажурира еднаш годишно.

Член 9

Членот на Здружението може да биде исклучен од членство доколку:

- работи спротивно на Статутот и Програмата за работа на Здружението;
- не ја плати членарината три пати последователно и за тоа не даде објаснување;
- го изгуби правото за членство во здруженија согласно Уставот и позитивно – правните законски прописи на Република Македонија.

За исклучување од членство одлучува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број членови, на предлог на Извршниот одбор.

Членството во Здружението престанува и :

- по предлог на 1/5 од членовите на Собранието
- на предлог на Претседателот
- истапување од членство по лична волја на членот;

- доколку на членот му биде одземена деловната способност со правосилна судска одлука;

- смрт.

Престанокот на членството го верификува Извршниот одбор, на првата наредна седница по исполнувањето на условот за престанок.

Член 10

Здружението може да има надворешни соработници и почесни членови.

За надворешни соработници и почесни членови можат да бидат избрани државјани на Република Македонија и странски државјани, кои покажале исклучителни резултати во својата професија, а особено во поттикнувањето на меѓународната парламентарна соработка или покажуваат интерес за придонес и активности за остварување на целите на Здружението.

За прием на надворешни соработници и почесни членови одлучува Извршниот одбор, со мнозинство гласови од членовите, на предлог на Претседателот, Секретарот или Член на Извршниот одбор.

Надворешните соработници и почесните членови започнуваат со својата работа од денот на стапување во сила на одлуката за нивниот избор.

Надворешните соработници и почесни членови немаат право на глас во Собранието, ниту може да бидат носители на функција во Здружението, а своите права ги остваруваат во согласност со Уставот, позитивно – правните законски прописи на Република Македонија и Статутот на Здружението.

Надворешните соработници и почесните членови можат да истапат од Здружението по своја волја, а својството им престанува во секој случај поради смрт, одземање на деловната способност или со одлука на Извршниот одбор.

## V. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

Член 11

Органи на Здружението се:

- Собрание;
- Извршен одбор;
- Претседател;
- Потпретседател
- Секретар
- Надзорен одбор.

Со Стаутот на Здружението можат да се предвидат и други органи.

Член 12

Собранието е највисок орган на Здружението и него го сочинуваат сите членови на Здружението.

Собранието на Здружението:

- донесува статут, програма и други акти;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб страница;
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа;
- одлучува за промена на целта на здружението;
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на здружението;
- избира и разрешува членови на органите;
- одлучува за статусните измени на здружението;
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на здружението и
- врши и други работи во согласност со статутот и актите на здружението.

Член 13

Собранието одржува седница најмалку еднаш годишно.

Седница на Собранието свикува Претседателот.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на Извршниот одбор или на 2/3 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако Претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или подносителите на предлогот.

Седницата се свикува со писмена покана до сите членови или по електронски пат.

Член 14

Собранието може да работи ако на него присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови, освен ако со овој Статут поинаку не е определено.

Собранието, по правило, одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните.

Со овој Статут поблиску се определуваат прашања за кои е потребно квалификувано мнозинство за одлучување.

Член 15

На Собранието се одлучува со јавно гласање, доколку со овој Статут не е предвидено за определени прашања да се одлучува тајно.

Секој член на Собранието има право на еден глас.

Членот на Собранието кој не е во можност да присуствува на седницата на Собранието од оправдани причини, може да овласти друг член на Здружението да го претставува на седницата на Собранието.

Овластувањето се дава со писмена изјава која може да биде доставена и по електронски пат на службеното електронското сандаче на Здружението најдоцна 3 дена пред одржувањето на седницата на Собранието.

Член на Собранието може да биде носител само на едно овластување за претставување дадено од друг член на Собранието.

Член 16

Собранието избира Извршен одбор, кој има 9 членови, од кои  мнозинството се државјани на Република Македонија.

Членот на Извршниот одбор се иззема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина до втор степен и за прашања кои се однесуваат на некое правно лице врз кое тој има контрола.

Член 17

Извршниот одбор:

- ги подготвува седниците на Собранието;

- го подготвува нацртот на Статутот и другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;

- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието;

- може да формира стручна служба и да врши контрола врз нејзината работа;

- управува и одлучува за управувањето со имотот на Здружението;

- подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа;

- верификува прием на нови членови

- одлучува за прием и исклучување на надворешни соработници и почесни членови;

- дава предлог за стапување или истапување од сојузи со други здруженија во земјата и странство и/или за статусни измени;

- ја одредува висината на членарината и

- врши и други работи.

Член 18

Претседателот, Потпретседателот и Секретарот на Здружението се членови по функција на Извршниот одбор.

Останатите членови на Извршниот одбор ги избира Собранието со мнозинство гласови од присутните од редот на своите членови, по предлог на 1/5 од членовите на Собранието, а нивниот мандат трае 1 година, со право на реизбор.

Разрешувањето на член на Извршен одбор се одвива по иста процедура како и при неговиот избор.

Освен со разрешување, функцијата член на Извршен одбор престанува и со:

- оставка;

- истапување или исклучување од членство во Здружението;

- одземање на деловната способност

- смрт;

Во случај на престанок на функцијата на член на Извршен одбор, по предлог на 1/5 од членовите на Собранието се бира нов член во рок од 30 дена од денот на престанокот на функцијата на претходниот.

Член 19

Претседателот на Здружението е орган кој раководи со Здружението согласно овој Статут и го претставува и застапува Здружението во односите со трети лица и јавноста.

Член 20

Претседателот на Здружението го избира Собранието, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието.

Кандидат за Претседател на Здружението може да биде член на Здружението, кој за својата кандидатура ќе добие поддршка од најмалку 2/3 од членовите на Здружението.

Мандатот на Претседателот трае 1 година, со право на реизбор.

Функцијата на Претседателот може да престане пред истекот на мандатот, ако:

- поднесе оставка;

- му биде изгласана недоверба од страна на мнозинството членови на Собранието, по претходна иницијатива за недоверба поддржана од најмалку 1/3 од членовите на Собранието;

- биде исклучен од членство во Здружението;

- му биде одземена деловната способност;

- во случај на смрт.

Во случај на престанок на функцијата на Претседателот, Извршниот одбор е должен да распише избори за Претседател во рок од 30 дена од денот на престанокот на функцијата.

Член 21

Претседателот на Здружението:

- закажува, предлага дневен ред и раководи со седниците на Собранието и Извршниот одбор;

- предлага донесување одлуки на Собранието и Извршниот одбор;

- раководи со извршувањето на одлуките и заклучоците на Собранието и Извршниот одбор, доколку со одлука на Собранието и Извршниот одбор не е поинаку предвидено, а во согласност со овој Статут;

- ги потпишува одлуките на Собранието и Извршниот одбор;

- му предлага на Собранието избирање и разрешување на членови на Извршниот одбор;

- ги потпишува одлуките за статусни измени, донесени од Собранието, согласно овој Статут;

- потписник е на сметката на Здружението;

- врши други работи согласно овој Статут.

На предлог на Претседателот на Здружението, или на 2/3 од членовите на собранието , се избира Потпретседател.

Потпретседателот на Здружението го заменува Претседателот на Здружението, во случај на привремена спреченост да ја врши функцијата, но не подолго од 90 дена, како и во случаи на предвремено престанување на функцијата на Претседателот, во согласност со овој Статут. Потпретседателот врши и други работи, по овластување на Извршниот одбор или Претседателот.

Член 22

Секретарот на Здружението е орган кој му помага на Претседателот во раководењето со Здружението и раководи со техничките и стручните служби на Здружението, доколку со одлука на Собранието и Извршниот одбор не е поинаку определено, а во согласност со овој Статут.

Член 23

Секретарот на Здружението го избира Собранието на Здружението со мнозинство гласови од присутните членови, чиј број не смее да биде помал од мнозинството членови на Собранието.

Кандидат за Секретар на Здружението може да биде член на Здружението, кој за својата кандидатура ќе добие поддршка од најмалку 2/3 од членовите на Здружението.

Мандатот на Секретарот трае 1 година, со право на реизбор.

Функцијата на Секретарот може да престане пред истекот на мандатот, ако:

- поднесе оставка;

- му биде изгласана недоверба од страна на мнозинството членови на Собранието, по претходна иницијатива за недоверба поддржана од најмалку 2/3 членови на Собранието;

- биде исклучен од членство во Здружението;

- му биде одземена деловната способност;

- во случај на смрт.

Во случај на престанок на функцијата на Секретарот, Извршниот одбор е должен да распише избори за Секретар во рок од 30 дена од денот на престанокот на функцијата.

Член 24

Секретарот на Здружението:

- му помага на Претседателот во организацијата на седниците на Собранието и Извршниот одбор;

- води Регистар на членови и евиденција на членовите на органите на Здружението;

- води Регистар на Одлуки на Здружението;

- раководи со архивата на Здружението;

- врши други работи согласно овој Статут.

Член 25

Надзорниот Одбор е орган, кој врши надзор врз законистоста, материјално – финансиското работење и правилноста на работата на Здружението и за својата работа го известува Собранието на Здружението.

Надзорниот одбор се состои од 3 члена и истиот се бира со мандат од една година, а го избира Собранието на Здружението со 2/3 мнозинство.

Начинот на свикување, работа, одлучување и евидентирање на одлуките на Надзорниот Одбор ќе се определи со Правилник за работа на Надзорниот Одбор на Здружението, кој го усвојува Собранието на Здружението.

Надзорниот одбор може да поставува предлози и прашања на дневен ред на Извршниот Одбор како и да го свикува Извршниот одбор.

## VI. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 26

Здружението може да стекнува предмети, парични средства и имотни права.

Средствата може да се стекнуваат од членарина, прилози, донации, подароци и на други законски предвидени начини и со нив се располага согласно законот и овој Статут.

Здружението може да остварува и средства од добивката на трговските друштва што може да го основа согласно законот.

Член 27

Средствата што Здружението ги стекнува согласно член 25 од овој Статут се сопственост на Здружението.

Финансиските средства на Здружението се користат за:

- реализација на програмски проекти;
- работа на органите на Здружението;
- работа на техничките услуги.

## VII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Член 28

Работата на Здружението е јавна.

Јавноста се остварува со внатрешно информирање на членовите на Здружението, информирање во медиумите и јавно огласување, како и со одржување трибини, дебати и прес – конференции, како дел од остварувањето на целите и начинот на дејствување на Здружението.

## VIII. ДЕЛОВНИ ЕДИНИЦИ

Член 29

Заради остварување на своите цели и задачи, Здружението може да основа и организациски единици.

Организациските единици се основаат со одлука на Собранието на Здружението, која се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Со посебна одлука на Собранието се утврдува начинот на работа на организациските единици.

## IX. ЗДРУЖУВАЊЕ И СТАТУСНИ ИЗМЕНИ

### Член 30

Здружението може да се поврзува и здружува во сојузи или други облици на поврзување или здружување со други здруженија, фондации или странски организации, а со цел да ја унапреди својата работа и активности, како и да оствари други прашања од заеднички интерес.

Доколку здружувањето од став 1 на овој член подразбира статусна измена, односно присоединување, спојување или поделба на Здружението, одлука за статусна измена донесува Собранието, со 2/3 мнозинство од вкупниот број членови.

## X. ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ

### Член 31

Претседателот на Здружението е застапник по закон на Здружението и го претставува и застапува Здружението во правниот промет со трети лицаи јавност, согласни законот и овој Статут.

## X. ПРЕСТАНОК И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК

### Член 32

Здружението престанува:

- ако е донесена одлука за престанок од страна на Собранието, со 2/3 мнозинство од вкупниот број членови;

- ако бројот на членови се намали под законски предвидениот број на членови

потребни за основање;

- ако Уставниот суд донесе одлука дека Статутот и Програмата на Здружението не се во согласност со Уставот;

- ако е донесена одлука за статусна измена од страна на Собранието со 2/3 мнозинство од вкупниот број членови, која предвидува престанок на постоењето;

- во други случаи предвидени со закон.

Претседателот на Здружението е должен податокот од став 1 на овој член да го пријави до надлежниот орган за водење на регистри на здруженија, во рок од 15 дена од денот на престанокот.

Член 33

По престанокот на работата на Здружението, имотот и средствата што ќе останат по намирувањето на обврските на Здружението, ќе се донираат на Црвениот крст на Република Македонија и на Домот за деца без родители во Скопје, на две еднакви половини.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 34

Одлука за промена на Статутот донесува Собранието на Здружението со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Предлог за промена на Статутот може да поднесат Извршниот одбор или најмалку 1/3 од членовите на Собранието.

За предлогот за промена на Статутот се известуваат членовите писмено или по електронски пат, најмалку 14 дена пред одржување на седницата на Собранието за промена на Статутот.

Член 35

Овој Статут стапува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува од денот на пререгистрацијата на Здружението во Регистарот на здруженија, согласно Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.52/2010 и 135/2011).

Скопје, 06.09.2017

ПРЕТСЕДАТЕЛ

на Здружение за интерактивно огласување - ИАБ МАКЕДОНИЈА Скопје

________________

И З Ј А В А

Од основачите на Здружението за интерактивно огласување:

Под целосна кривична, материјална и морална одговорност изјавувам дека со правосилна судска одлука не ми е одземена деловната способност, ниту против мене се води постапка пред надлежните судски органи за одземање на деловната способност.

Изјавата ја давам во својство на основач на здружението на граѓани " Здружение за интерактивно огласување – ИАБ Македонија” заради упис во судскиот регистар.

Изјавуваат: